**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 5 став 1 точка 6 и 7 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за пропишување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет и доделување на водечки број на носителите на платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 146/07)

### I. Општи одредби

1. Со оваа Одлука се пропишува стандардот за конструкција на трансакциска сметка (во натамошниот текст: сметка) на учесникот во платниот промет кај носителот на платниот промет и начинот на доделување на водечки број на носителот на платниот промет.

2. Преку трансакциските сметки конструирани согласно оваа Одлука, носителите на платниот промет ги вршат плаќањата во платниот промет во денари.

### II. Стандард за конструкција на сметка

3. Носителот на платниот промет го конструира бројот на сметката со доделување на вкупно петнаесет (15) цифри од кои:

   3.1 првите три (3) цифри се водечки број на носителот на платниот промет;

   3.2 следните десет (10) цифри се број на сметка на учесникот во платниот промет во рамките на системот на носителот на платниот промет; и

   3.3 последните две (2) цифри се контролен број.

3.1 Водечки број на носител на платниот промет

Водечкиот број служи за идентификација на носителот на платниот промет.

Водечкиот број на носителот на платниот промет го доделува Народна банка на Република Македонија при издавањето дозвола за основање и работа, како единствен и неповторлив број за секој носител на платниот промет. Народна банка на Република Македонија води и објавува Листа на водечки броеви на носителите на платниот промет на интернет страницата на Народна банка на Република Македонија.

3.2 Број на сметка на учесник во платниот промет

Бројот на сметката во рамки на системот на носителот на платниот промет служи за идентификација на учесникот во платниот промет.

Бројот на сметката на учесникот во платниот промет мора да биде единствен и неповторлив за секоја сметка во рамки на системот на носителот на платниот промет.

3.3 Контролен број

Контролниот број се пресметува по меѓународниот стандард ИСО 7064 со примена на системот "модул 97-10".

**III. Преодни одредби**

4. Водечките броеви на носителите на платниот промет кои се доделени до денот на применување на оваа Одлука и објавени на Листата на водечки броеви на носителите на платниот промет продолжуваат да важат.

**IV. Завршни одредби**

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.
6. Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.41/01) и Одлуката за доделување на водечки број на носителите на платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.138/06).

О.бр.02-15/XI-5/2007

29 ноември 2007 година

Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер
м-р **Петар Гошев,** с.р.